**УДК 343.611-055.2:343.985(497.7)"2017/2024"**

**МАНЕВА, Викторија** [1]

# ПРОФИЛИРАЊЕ НА ЖРТВИ НА ФЕМИЦИД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НИВНИОТ ОДНОС СО СТОРИТЕЛОТ (2017 - 2025)

**Апстракт**

Фемицидот, односно убиството на жени поради нивната полова припадност, претставува најекстремна форма на родово базирано насилство кое се одвива врз жените. Сторителот на делото е лице од машки пол кое е во блиски, најчесто партнерски или семејни односи со жртвата. Фемицидот не се случува одеднаш и поради не тоа се треба да се гледа како изолиран чин, туку како крајна последица на долготрајно насилство и нарушени односи меѓу жртвата и сторителот. Предмет на ова истражување е анализирање на карактеристиките на жртвите на фемицид во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2025 година, како и нивниот однос со сторителот. Истражувањето се фокусира на основните социјални и демографски обележја на жртвите, како и на природата на односот со сторителот пред извршувањето на делото. Анализата не се врши во смисла на придонес на жртвата кон стореното кривично дело, туку со цел подобро разбирање на околностите кои му претходат на фемицидот и утврдување на причините кои доведуваат до него. Целта на трудот е да се согледаат одредени типични карактеристики во односите помеѓу жртвата и сторителот, кои можат да бидат значајни за препознавање на ризикот и за унапредување на превентивните механизми. Истражувањето се заснова на анализа на судска пракса и релевантни извори, со намера да се придонесе кон подобро разбирање на феноменот на фемицид во Република Северна Македонија.

***Клучни зборови**: фемицид, убиство на жена, родово-базирано насилство, семејно насилство, превенција.*

**UDK 343.611-055.2:343.985(497.7)"2017/2024"**

**MANEVA, Viktorija**[2]

# PROFILING OF FEMICIDE VICTIMS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND THEIR RELATIONSHIP WITH THE PERPETRATOR (2017–2025)

**Abstract**

Femicide, defined as the killing of women because of their gender, represents the most extreme form of gender-based violence against women. In most cases, the perpetrator is a male person who is in a close relationship with the victim, most often an intimate partner or a family member. Femicide does not occur suddenly and, therefore, should not be viewed as an isolated act, but rather as the final outcome of prolonged violence and disturbed relationships between the victim and the perpetrator.The subject of this research is the analysis of the characteristics of femicide victims in the Republic of North Macedonia during the period from 2017 to 2025, as well as their relationship with the perpetrator. The research focuses on the

[1] Студент на втор циклус студии, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија: е-маил: viktorija.207701@student.ugd.edu.mk
[2] Master student, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia;  E-mail: viktorija.207701@student.ugd.edu.mk

basic social and demographic characteristics of the victims and on the nature of their relationship with the perpetrator prior to the commission of the crime. The analysis is not conducted in terms of the victim's contribution to the criminal offense, but aims to provide a better understanding of the circumstances preceding femicide and to identify the factors that lead to its occurrence.The purpose of this paper is to identify certain typical characteristics in the relationship between the victim and the perpetrator that may be significant for early risk recognition and for the improvement of preventive mechanisms. The research is based on the analysis of court practice and relevant sources, with the aim of contributing to a better understanding of the phenomenon of femicide in the Republic of North Macedonia.

***Keywords**: femicide, killing of women, gender-based violence, domestic violence, prevention*

## ВОВЕД

Фемицидот претставува еден од најтешките облици на насилство врз жените, кој полека но сигурно го добива потребното внимание во рамките на родово базираното насилство. Кај овој вид на убиство мотивираноста на сторителот е сконцентрирана кај половата припадност на жртвата, односно се извршува во контекст на родова нееднаквост и нарушени партнерски или семејни односи. За разлика од другите облици на насилство, фемицидот претставува крајна последица на психичко, физичко или економско насилство, кое најчесто трае подолг временски период и му претходни на убиството. Иако кривичното дело убиство на жена е предвидено во законодавството на Република Северна Македонија, фемицидот како појава има поширока социјална, криминолошка и виктимолошка димензија. Во најголем број случаи, убиството претставува кулминација на претходни конфликти и нарушени односи во интимно-партнерски или семејни односи.

Во Република Северна Македонија, прашањето на фемицидот добива сѐ поголемо внимание во јавноста, особено по неколку случаи кои предизвикаа силна општествена реакција и отворија дебата за ефикасноста на институционалната заштита на жртвите на семејно насилство. Сепак, и покрај зголемената медиумска видливост, недостасува систематизирана научна анализа која ќе ги опфати карактеристиките на жртвите, нивната социјална положба, возраста, семејниот статус, економската зависност, како и природата и траењето на односот со сторителот пред извршувањето на делото. Предмет на овој труд е профилирањето на жртвите на фемицид во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2025 година, со посебен осврт на нивниот однос со сторителот. Разбирањето на профилот на жртвата и на односот со сторителот не значи барање на вина или одговорност кај жртвата, туку претставува виктимолошки пристап насочен кон идентификација на факторите кои допринесуваат кон извршување на делото, со цел остварување превентивни и заштитни механизми во насока на спречување на идни случаи на фемицид.

### Методологија на истражување

Предмет на ова истражување е криминолошкото профилирање на жртвите на фемицид во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2024 година, како и анализа на односот помеѓу жртвата и сторителот, со цел идентификување на факторите кои придонесуваат за извршување на ова кривично дело.

Основната цел на истражувањето е да се утврдат карактеристиките на жртвите на фемицид, вклучително нивната возраст, социјален и семеен статус, како и природата на нивниот однос со сторителот, со посебен акцент на интимно-партнерските и семејните врски. Дополнително, истражувањето има за цел да ја нагласи важноста на овие фактори во поглед на рана идентификација на ризикот и превенција на фемицидот. Во истражувањето се применуваат повеќе научни методи – аналитичкиот метод се користи за разложување и теоретско разгледување на поимот фемицид и неговите облици. Во истражувањето се врши анализа на правната рамка, разгледување на случаи од судската пракса, како и користење на резултати од истражувања за фемицид

спроведени од невладини организации. Дополнително, се врши обработка и интерпретација на статистички податоци, со цел добивање на сеопфатен увид во појавата. Компаративниот метод се применува со цел споредба на националните решенија со меѓународните стандарди и дефиниции.

Како извори на податоци се користат релевантна домашна и странска научна литература, законски и подзаконски акти, извештаи од релевантни национални и меѓународни институции, како и статистички податоци објавени од Државниот завод за статистика. Во рамки на истражувањето, се анализираат и достапни судски пресуди и секундарни извори, со цел добивање на целосна слика за фемицидот. Примената на ваквиот комбиниран методолошки пристап овозможува систематско, сеопфатно и научно засновано разгледување на фемицидот, при што посебно се истакнува значењето на односот помеѓу жртвата и сторителот како клучен фактор во разбирањето и превенцијата на оваа појава.

**Дефинирање на поимот фемицид и негова правна уреденост во македонското кривично право**

Како основач на терминот фемицид се смета американската феминистка Дијана Х. Расел, која во 1976 година, на првиот Меѓународен трибунал за злосторства против жените, изјавува дека го избира новиот термин фемицид да ги означува убиствата на жени од страна на мажи, само затоа што се жени (Расел, 1976). Понатаму ООН и UN Women даваат официјална дефиниција за фемицидот во последниот извештај објавен за Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените во 2024 год.: Фемицидот (или feminicide, како што се нарекува во некои контексти) се дефинира како намерно убиство со мотивација поврзана со полот. Тој се разликува од обичното убиство, каде што мотивацијата може да не е поврзана со полот. Фемицидот е поттикнат од дискриминација против жените и девојките, нееднакви релации на моќ, родови стереотипи или штетни општествени норми (UN WOMEN, 2024). Тој претставува најекстремна и најбрутална манифестација на насилство врз жените и девојките, која се појавува како дел од повеќекратни и меѓусебно поврзани форми на насилство – дома, на работни места, во училишта или на јавни простори, вклучувајќи интимно-партнерско насилство, сексуално вознемирување и други форми на сексуално насилство и трговија со луѓе (UNODC, 2024) . На ова дефиниција и претходи признавањето на фемицидот од страна на ООН во Виенската декларација за фемицидот (Обединети нации, 2012). Поопширната дефиниција за разбирање на фемицидот гласи: **Убивање на жени и девојки поради нивниот пол**, што може да се појави во форма на, меѓу другото:

- убиство на жени како резултат на насилство од интимен партнер;
- тортура и мизогино убивање на жени;
- убивање на жени и девојки во име на „чест“;
- целно убивање на жени и девојки во контекст на вооружен конфликт;
- убиства поврзани со мираз;
- убивање на жени и девојки поради нивната сексуална ориентација и родов идентитет;
- убивање на домородни и автохтони жени и девојки поради нивниот пол;
- женски инфантицид (убивање на новородени девојчиња) и селективен абортус врз основа на полот;
- смрт поврзана со женско генитално осакатување;
- обвинувања за вештерство; и
- други фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дилери на дрога, трговија со луѓе и ширење на мало оружје (EIGE, 2021).

Европскиот институт за родова еднаквост нуди статистичка дефиниција на фемицидот, која ги опфаќа убиствата на жени од интимен партнер и смртните случаи како резултат на штетни практики, со цел обезбедување на мерливост и споредливост на податоците: Убиство на жена од интимен партнер и смрт на жена како резултат на практика што е штетна за жените. Под интимен партнер се подразбира поранешен или

сегашен сопруг или партнер, без разлика дали сторителот живее или живеел на иста адреса со жртвата.

Во 2023 година Кривичниот законик претрпува измени кои се резултат на Акциониот план со цел имплементирање на Истанбулската конвенција, кои се означени со додавањето на нов поим „родово-базирано насилство“ - насилство насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот (чл. 122 ст. 43, КЗ) и измените на член 123 на кој се додава нов став кој дава квалификаторен момент на кривичното дело убиство доколку е извршено врз жена при вршење родово-базирано насилство:

(1) Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој што: ...

2) **друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство**

2-а) **друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години, при вршење на родово базирано насилство**,...

Значи, фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело, но постои отежителната околност ако делото е извршено при родово базирано или семејно насилство.

Понатаму, Кривичниот законик трпи промени и во однос на убиството на миг, каде се додава родово-базирано насилство врз жените од страна на убиениот, како причина за лишување од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост. Друга промена е тоа што се додава нов член 129-а кој го предвидува осакатувањето на женски полови органи како посебно кривично дело. Кај кривичните дела телесна повреда и тешка телесна повреда се додава родово базираното насилство како квалификаторна околност за извршување на делото. Слични промени трпат и кривичните дела противправно лишување од слобода, тортура, а се додава и нов член демнење (чл. 144-а, КЗ), кој во пракса важи за почетна фаза која може да следи пред убиството од ваков вид.

**Профил на жртви на фемицид**

Во истражувањето извршено во Femicide Census 2022 се откриени значајни социодемографски обележја на жртвите на фемицид, кои го илустрираат широкиот спектар на ранливост меѓу жени убиени од мажи. Во 2022 година, идентификувани се 121 жена која била убиена од маж или лице осомничено за тоа, при што 51% од жртвите биле убиени од сегашен или поранешен интимен партнер, што покажува дека интимните врски продолжуваат да бидат доминантен контекст на извршување на фемицидот (O’Callaghan, 2022). Значителен дел од овие жртви (40% од оние убиени од партнер) биле во процес на напуштање или веќе ја напуштиле врската, што укажува на зголемен ризик во фазата на разделување. Најголем дел од нападите се случиле во домот на жртвата, што дополнително ја потенцира опасноста што жените ја носат во приватниот простор. Исто така, податоците покажуваат дека 20% од жртвите биле на возраст над 66 години, што е повисоко од просекот во претходните извештаи, укажувајќи на ранливост и кај повозрасните жени (Femicide Census, 2022). Конкретно во Република Северна Македонија, според официјалните извештаи на Националната мрежа против насилство врз жените, жртви на фемицид се жени на возраст од 30 до 50 години, но со значително застапување и на жените над 60 години. Друга битна карактеристика на жртвите е економската зависност од машкиот партнер која претставува основа за насилството, додека ниското образование дополнително ја зголемува ранливоста на жртвата, бидејќи жените со повисоко образование имаат поголема веројатност да бидат информирани за постапки за заштита и поддршка. Искуството покажува дека жртвите

биле изложени на претходно насилство, но многу од нив одлучиле да не го пријават поради срам, страв од сторителот или недоверба во институциите. Дури и во случаи кога постои претходна пријава, институциите не успеале да ја заштитат жртвата на соодветен начин, туку го довеле сторителот поблиску до извршување на делото, оставајќи ја жртвата ранлива (Димушевска, 2022). Дополнително, постои ризик од секундарна виктимизација при пријавување, кога жртвата е изложена на повторно раскажување на трауматичните настани, непрофесионално однесување од страна на институциите или минимизирање на нејзината болка и страдање. Затоа е клучно да се преземат соодветни мерки за отстранување на секундарната виктимизација, со цел жртвите да ги пријавуваат инцидентите уште во почетните фази, што на долг рок може да резултира со намалување на бројот на жртви на семејно и родово базирано насилство и, конечно, на фемицид. За да се изгради точен профил на потенцијална жртва на фемицид, неопходно е да се разгледаат и жртвите на семејно насилство, бидејќи фемицидот најчесто претставува кулминација на долготрајна динамика на насилство, контрола и злоупотреба. „Подигајќи ги семејните вредности над сопствените потреби, жртвата скоро никогаш не сетува кога вистински започнува нејзината интерна виктимизација. Не ретко, недоразбирањата и разминувањата во ставовите излегуваат од контрола, што ја прави лабилна границата за создавање различна слика кај жртвата меѓу обичната расправија и насилството во семејството. Зачестувајќи, сè повеќе се наоѓаат изговори и оправдувања, наместо решителни ставови за барање помош. И така заглавувајќи во магичниот круг на насилство, честопати жртвата си ја менува и улогата (Максимова, 2020). Жените на Балканот, воедно и кај нас, во добар процент сè уште ја имаат традиционално подредената положба во семејството, во однос на мажот, но и во општествено-економскиот живот во глобала. Со оглед на физичката инфериорност, жените се најчесто жртви во односот со сопрузите и љубовниците, поради сексуално неверство, одбивање да стапат во брак или одбивање на љубовни односи (Кошевалиска, 2024). Компаративно, според спроведеното истражување „Карактеристики и превенција на случаи на фемицид – самоубиство во интимно-партнерски односи извршени со огнено оружје“ и анализата на социодемографските карактеристики на жртвите и сторителите на фемицид – самоубиство извршени со огнено оружје во Србија се укажува дека најголемиот дел од жртвите се во млада и средна возраст, помеѓу 25 и 35 години, додека сторителите се постари, во средна и повисока возраст, односно меѓу 46 и 65 години. Во 44% од случаите жртвите имале претходни бракови или партнерски врски, во 50% имале деца со други партнери, додека само во 31% од случаите имале заеднички деца со сторителот.

Во последно време се забележуваат промени во профилот на жртвата, при што и современите жени, кои би се очекувало да бидат поинформирани и економски независни, стануваат жртви на фемицид. Според анализа на голем број студии за фемицид, некои случаи не одговараат на специфични поврзани фактори како што се социо-економски статус или други очекувани социодемографски карактеристики, што укажува дека фемицидот може да се случи и кај жени кои не спаѓаат во традиционално ранливите категории. Современите услови и динамиката на интимните односи ја задржуваат ранливоста на жените, без оглед на образованието или економската независност (Garcia-Vergara, 2022). Во конкретен случај од судската пракса на Република Северна Македонија, утврдени се карактеристики на жртвата Е.П., на возраст од 29 години, била насилно лишена од живот преку задушување со раце. Претходно, жртвата била изложена на семејно насилство од страна на сторителот, со документирани телесни повреди, што укажува на ескалација на насилството и повторувачка природа на криминалното однесување и ја илустрира комбинацијата на домашно насилство и претходни конфликти кои ескалираат во фемицид. Уште еден најнов трагичен пример на територијата на РСМ е фемицидот извршен врз 31-годишна жена, која претходно повеќепати пријавувала насилство од страна на својот поранешен партнер, сепак институционалната заштита се покажала како недоволна, а крајниот резултат е свирепо убиство на жртвата и нејзиниот татко, а сторителот изврши самоубиство. Овој случај ја илустрира кревкоста на системските механизми за

превенција на насилство врз жените, особено во ситуации каде претходни пријави и мерки не се почитуваат или не се доволно ефикасни за заштита на животот на жртвата (Trajkovski, 2025).

**Односот помеѓу жртвата и сторителот**

Според новиот извештај на UN Women и UNODC, во светски рамки секоја година над 80 000 жени и девојчиња се убиени намерно, а над половина од овие убиства се извршени од интимни партнери или членови на семејството. Тоа значи дека, во просек, на секои десет минути една жена или девојче е убиено од партнер или член на семејството. Република Северна Македонија, при истражувањето е забележано дека во периодот од 2017 до 2024 година насилно се убиени 33 жени, според податоците добиени од Државниот завод за статистика. Од статистичките податоци се утврдува дека жените биле убиени на повеќе различни начини, при што најчесто се јавува: нанесување телесна повреда со бесење, странгулација или суфокација; употреба на огнено оружје, како пушки или пиштоли; повреди со остар предмет, како нож или секира; и нанесување повреди со тап предмет, како метален боксирач или сукало. Делата најчесто се извршувале со физичка сила или закана, додека во пет случаи сторителите употребиле закана со огнено оружје, често додека биле под дејство на психичко растројство или алкохол (Velkoska & Trajkovska, 2024). Во Годишниот извештај на МВР за 2024 година, при вршење на семејно насилство регистрирани се шест убиства, од кои по едно се случило на подрачја на СВР Скопје, Куманово и Штип. Вкупниот број на жртви на семејно насилство се зголемил за 2,05% во однос на претходната година, со вкупно 1.146 регистрирани жртви, од кои 911 се жени и 235 се мажи. Најчесто жртви биле **сопругите** – 443 случаи, а потоа **мајките** – 120 случаи. Со цел да се добие целосна слика за фемицидот во Република Северна Македонија, неопходно е да се разгледа односот помеѓу сторителот и жртвата, особено во контекст на претходните односи, динамиката на насилството и можноста за ескалација кон фемицид.

**Фемицидот низ судската пракса во Република Северна Македонија**

Со цел да дадеме целосна слика за фемицидот во Република Северна Македонија, неопходно е да го погледнеме самото дело низ призмата на судската пракса и да се осврнеме на неколку случаи кои се доста битни за проблематиката. Селектираните пресуди за кои ќе стане збор во продолжение, се анализирани од аспект на водењето на кривичната постапка, правната клафиликација на делото, околности кои му претходат на критичниот настан, согледување на олеснителни и отежнителни околности и донесување на конечна пресуда.

**Случај 1: Убиство при вршење семејно насилство**

- Обвинетиот И.К. со умисла, на свиреп начин, ја лишил од живот сега покојната Б. П., на начин што иако бил свесен дека најлонската кеса ставена врз главата од покојната ќе го прекине протокот на воздух и ќе го оневозможи дишењето на сега покојната, ја сакал последицата и во посоченото време врз главата на покојната ставил најлонска кеса, која ја заврзал со ластик околу нејзиниот врат, при што гледал како сега покојната се мачи, снемувајќи кислород, на тој начин ја лишил од живот, а кај неа смртта настапила поради задавување. Од изведените докази неспорно е докажана насилната природа на обвинетиот, која повеќе пати доаѓала до израз, но ескалирала со конкретниов кривично правен настан. Нивните меѓусебни односи биле нарушени, проследени со чести расправии, а покојната жртва често пати била изложена на семејно насилство од страна на обвинетиот. Обвинетитот е осуден на 20 години затворска казна.

**Случај 2: Убиство при вршење на родово – базирано насилство врз девојче**

- Во Основниот суд беше донесена правосилна пресуда со која обвинетиот Ф. Д. од К. беше огласен за виновен за кривично дело убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2-а. На 18.12.2023 година, околу 21:00 часот, во семејната куќа во К., обвинетиот при вршење на родово-базирано насилство со умисла ја нападнал својата двегодишна ќерка А. Д. Тој повеќекратно јаударал со раце по лицето и главата, ја кренал и ја фрлил во креветот, при што детето удрило во федерите и паднало на подот. Потоа ја удирал со нозе по целото тело и во пределот на градниот кош. Како последица на нападот, детето се здобило со тешки телесни повреди – крварење, нагмечување на мозокот и скршеници на три ребра. И покрај укажаната медицинска помош и хоспитализација, како последица на тешката повреда на мозокот на 08.01.2024 година настапила смрт. Обвинетиот даде признание на вина, кое судот го прифати откако утврди дека е дадено доброволно и свесно, со целосно разбирање на правните последици. При одмерувањето на санкцијата, судот ги ценеше следните околности: отежнителни – исклучителната тежина на делото и особено суровиот начин на извршување; возраста на жртвата (две години); однесувањето на обвинетиот по настанот, кој не побарал медицинска помош, не го пријавил делото, туку го прикривал настанот и продолжил со вообичаените активности; досегашната осудуваност и криминогената личност на обвинетиот, при што претходните осуди не влијаеле врз неговата ресоцијализација. Олеснително – признанието на вина и извесно каење, но овие околности не биле доволни за да се намали тежината на санкцијата. Врз основа на целокупната фактичка состојба и применетите законски одредби, судот изрече казна **доживотен затвор**, оценувајќи дека само таква санкција може да ја постигне целта на специјалната и генералната превенција.

**Случај 3: Убиство при вршење на родово – базирано насилство врз жена**

- По поднесено обвинение од Основното јавно обвинителство Кочани, а по признание на вина, Основниот суд во Кочани донесе осудителна пресуда за едно лице за кривично дело – Убиство извршено при родово базирано насилство и на свиреп начин, при што за сторителот е изречена казна – **доживотен затвор**. Обвинетиот, на 25.09.2023 година на свиреп начин лиши од живот жена, нанесувајќи и многубројни убоди со нож. Обвинетиот, на 25.09.2023 година, откако претходно подолг временски период ја уценувал оштетената, од семејниот дом зел кујнски нож, знаејќи го патот по кој оштетената секојдневно се движи кон работа, ја пречекал и ѝ задал повеќе убодни рани во пределот на градите, стомакот, вратот и рацете. Повредите биле од таков интензитет што оштетената починала на самото место. Во обвинението, Основното јавно обвинителство Кочани го товареше обвинетиот и за кривично дело **уцена**, сторено против истата жртва пред убиството, со образложение дека ја уценувал со компромитирачки снимки и од неа изнудил значителна парична сума. Обвинетиот овој дел не го призна, поради што постапката беше раздвоена и продолжи одвоено само за делото уцена.

**Случај 4: Убиство при вршење на родово – базирано насилство врз жена**

- Основниот суд во Ш. донесе пресуда врз основа на признание на вина и го огласи обвинетиот Ф.З. за виновен за кривично дело убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ и го осуди на **доживотен затвор**. Обвинетиот, кој е со повеќе претходни осуди и рецидивистички криминален профил, на 01.11.2024 година се сретнал со својата вонбрачна партнерка и по вербална расправија, започнал да ја удира со тупаница во пределот на лицето, по што ја фатил за вратот, ја турнал на подот и со двете раце силно ја стегал во пределот на вратот сѐ додека не настапила смрт. По извршеното дело, обвинетиот сам се пријавил во полициската станица. Од доказите произлегува дека жртвата била претходно жртва на семејно насилство од страна на истиот сторител. Само неколку дена пред убиството била повикана во обвинителството за доставување медицинска документација за претходно нанесени повреди, но истата не ја доставила. Овој случај претставува класичен пример на ескалација на семејното насилство во својата најтешка форма – фемицид. Профил на сторителот: рецидивист, лице без

образование, невработено, со долгогодишно искуство со кривични санкции, што укажува на висок степен на криминална кариера и ниска ресоцијализација. Од друга страна – жртвата претходно пријавила семејно насилство, но не ги довела постапките до крај.

Селектираните судски случаи даваат увид во карактеристиките на односот жртва-сторител, правната квалификација на делата, околностите кои претходеле на критичниот настан, како и олеснителните и отежнителните околности при донесување на пресудите. На пример, убиството на жена при вршење семејно насилство во Пресудата на Основен суд Охрид покажува како долготрајното насилство и честиот конфликт во меѓусебните односи може да кулминира во фемицид. Иако поретки, постојат случаи каде релацијата помеѓу сторителот и жртвата е семејна врска, во случајот – татко и ќерка, каде Основниот суд донесе правосилна пресуда со која обвинетиот Ф. Д. од К. е огласен за виновен за кривично дело убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2-а, бидејќи на 18.12.2023 година, околу 21:00 часот, во семејната куќа во К., обвинетиот при вршење на родово-базирано насилство со умисла ја нападнал својата двегодишна ќерка А. Д и ѝ нанел смрти последици, при што по извршување на делото не побарал медицинска помош, не го пријавил делото, туку го прикривал настанот и продолжил со вообичаените активности. Насилството врз жените не е изолирано, туку често се повторува и е предвесник на најтешките форми на родово-базирано насилство. Истовремено, погоренаведените примери ја истакнуваат кревкоста на институционалната заштита и потребата од рана интервенција, ефективно спроведување на донесените мерки и континуирана поддршка на жртвите.

**Важност на профилирањето на жртвите и нивниот однос со сторителот во поглед на превенцијата**

Од погоре наведените податоци и спроведена анализа произлегува дека фемицидот не смее да се гледа како изолирана појава, туку како резултат на долготрајни процеси базирани на родова нееднаквост во интимните и семејните односи. Правилното разбирање на односот помеѓу сторителот и жртвата е клучно за превенција, зашто овозможува идентификација на ранливите ситуации и навремено интервенирање на институциите. Во превенцијата на фемицидот, суштинско значење има препознавањето на ризичните профили на жртвите. Жените кои се изложени на долготрајно физичко, психичко или економско насилство, особено кога се обидуваат да го прекинат односот или се најавува развод, се со повисок ризик од ескалација кон фемицид (Јахјаова, 2022). Судовите во сите фази од судската постапка треба да постапуваат во согласност со стандардите на правото на правично судење и да ги преземаат сите неопходни мерки за заштита на правата на жртвата. Преку извршувањето на одредени судски дејствија, судот покажува дали однесувањето на сторителот заслужува општествена осуда или таквото однесување се толерира во општеството. Целта на кривичната постапка во предметите кои вклучуваат насилство врз жените (обид за фемицид, фемицид) треба да биде првенствено да се овозможи безбедност на жртвата (кај обид за фемицид), да се повика сторителот на одговорност заради извршеното кривично дело и да се испрати јасна порака до општеството дека насилството врз жените не се толерира (Константиновиќ-Вилиќ, 2023) Постапувањето на судовите во случаи на фемицид и обид за фемицид треба да се заснова на препознавање на родово базираното насилство и токсичните родови стереотипи, како и на критичка проценка на традиционалните родови улоги во конкретниот случај. Безбедноста и благосостојбата на жртвата мора да бидат во основата на судското постапување, со преземање на неопходни мерки за заштита на нејзините права и интереси. За целосно разбирање на ризикот од фемицид, треба да се собираат податоци за жртвата, вклучувајќи го образованието, занимањето, работниот, имотниот, социјалниот и семејниот статус, бројот на деца, како и фактичкиот и емотивниот однос со сторителот, присуството на однос на подреденост, контрола и зависност, како и однесувањето на сторителот кон децата и почитувањето на неговите наметнати

правила. Ова овозможува навремена идентификација на ранливи ситуации и подобрување на превенцијата и заштитата на потенцијалните жртви.

## ЗАКЛУЧОК

Фемицидот претставува најекстремна манифестација на родово базираното насилство, која не се јавува како изолирана појава, туку е резултат на долготрајни динамики на насилство, контрола и нееднаквост во интимните и семејните односи. Анализата на судската пракса и социодемографските карактеристики на жртвите во Република Северна Македонија покажува дека жртвите се изложени на долготрајно физичко, психичко, сексуално и економско насилство, а ризикот од ескалација кон фемицид е особено висок во ситуации на прекин или обид за прекин на односот со сторителот. Правилното разбирање на односот помеѓу жртвата и сторителот е клучно за превенција, бидејќи овозможува навремено препознавање на ранливите ситуации и ефикасно интервенирање од страна на институциите. Превенцијата треба да се базира на комплексна анализа на профилот на жртвата, вклучувајќи го образованието, економската независност, семејниот и социјалниот статус, бројот на деца, како и динамиката на односот со сторителот.

Институционалната заштита, особено во случаи на претходно регистрирано семејно или родово-базирано насилство, мора да биде навремена и ефикасна, а судовите треба да постапуваат со целосно препознавање на родово базираното насилство, елиминирање на токсичните родови стереотипи и примена на мерки за заштита на жртвата. Само преку континуирана превенција, ран вовед во системските механизми за заштита и едукација на општеството може да се намали бројот на жртви и да се обезбеди целосна безбедност на жените во приватниот и јавниот живот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кривичен законик на Р. Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023; 16/2026; 17/2026;

Димушевска Е., Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство, 2018, Скопје

Димушевска Е., Анализа на случаи на фемициди - убиства на жени во Република Северна Македонија (2017-2020), 2021, Скопје

Габер-Дамјановска Н., Гајдова Г., Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022), 2023, AIRE центар

Константиновиќ-Вилиќ С., Петрушиќ Н., Бекер К., Постапување во случаи на фемицид – Прирачник за правосудството, 2023, AIRE центар

UNODC, Statistical Framework for measuring the gender-related killing of women and girls, 2022; UN Women, Five essential facts to know about femicide, 2024, https://www.unwomen.org/en/articles/explainer/five-essential-facts-to-know-about-femicide

Vienna Declaration on Femicide, UN, 2012

Velkoska, E., & Trajkovska, S. (2024) Femicide – Criminal characteristics of the murders of women in the Republic of North Macedonia,

Pavlov, T., & Lacmanović, V. (2022) Characteristics And Prevention Of Intimate Partner Femicide-Suicide Cases Committed With A Firearm, Белград

O’Callaghan, C., Ingala Smith, K., Allen, R., Jaso, V., & Elliott, K. (2022). Femicide Census 2022: Dedication to the women killed by men

Максимова Е. (2020) Виктимизација како резултат на семејно насилство, Универзитет Гоце Делчев

Министерство за внатрешни работи, Годишен извештај за 2024 година: https://portal.mdt.gov.mk/module-block-documents/217-document-mk.pdf

Femicides in 2024: Global Estimates of Intimate Partner/Family Member (United Nations publication, 2025)

Јахјаова, А. (2022). Фемициди во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2021 година, Student’s Social Science Journal, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Trajkovski, D. (2025) Concept of femicide and femicide in the media. PhD Candidate, Faculty of Security Skopje, University of St. Kliment Ohridski Bitola

Кошевалиска О., Нанев Л., Максимова Е. - Од фемицид до убиство во нужна одбрана - Кулминацијата на родово базираното насилство во РС Македонија, со осврт на националното Законодавство и пракса, 11th International Scientific Conference “Social Changes In The Global World”, Универзитет Гоце Делчев

Garcia-Vergara, E., Almeda, N., Martín Ríos, B., Becerra-Alonso, D., & Fernández-Navarro, F. (2022). A Comprehensive Analysis Of Factors Associated With Intimate Partner Femicide: A Systematic Review, International Journal of Environmental Research and Public Health

Пресуда на Основен суд Штип, предмет бр. К.бр.12/25, 12.02.2025

Пресуда на Основен суд Охрид, предмет бр. К-76/19, 01.11.2019

Пресуда на Основен суд Кичево, предмет бр. К.бр.163/2024, 26.04.2024

Пресуда на Основен суд Штип, предмет бр. К.бр.12/25, 12.02.2025

Предмет бр. К-76/19, 01.11.2019

Пресуда на Основен суд Кичево, предмет бр. К.бр.163/2024, 26.04.2024

Државен завод за статистика - Умрени лица од насилна смрт, пристапено на 16 февруари 2026 год., https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=12&rbrObl=2

https://dejure.mk/

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

https://www.unwomen.org/en/articles/explainer/five-essential-facts-to-know-about-femicide

https://www.stat.gov.mk/Default.aspx

https://jorm.gov.mk/

https://eige.europa.eu/sites/default/files/mh0417297enn_table_5.pdf

https://www.dianarussell.com/articles.html#Femicide